**П Р Е Д Л О Г**

П Р А В И Л Н И К

за прием и исклучување од членство на Коалицијата

ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Правилник се уредуваат начинот, условите и постапката за прием и исклучување на здруженија на граѓани од членство на Коалицијата "Сите за правично судење" – Скопје (во понатамошниот текст: Коалиција).

Член 2

Коалицијата претставува отворена организација за прием на нови членови.

Коалицијата, истовремено, водејќи грижа за својот дигнитет, одржливост и нормално функционирање, ќе ги исклучи од членство оние здруженија кои со своето однесување, даваат придонес во нивното нарушување.

Член 3

Надлежните органи на Коалицијата ќе внимаваат на одржувањето оптимален број на членови, без ограничување на максималниот број на членови.

ПРИЕМ ВО ЧЛЕНСТВО НА КОАЛИЦИЈАТА

Член 4

Член на Коалицијата може да биде секое здружение на граѓани (во понатамошниот текст: здружение) во Република Македонија, регистрирано согласно позитивните законски прописи.

Член 5

Постапката за прием во членство се поведува на барање на заинтересираното здружение или на покана на органите на Коалицијата,

Постапката за прием е итна и транспарентна.

Член 6

Барањето за прием во членство на Коалицијата се поднесува во писмена форма, најдоцна 30 дена до денот на седницата на Собранието на Коалицијата.

Кон барањето се приложуваат и Одлуката за пристапување кон Коалицијата донесена од Собранието на заинтересираното здружение, негова кратка биографија и решение за упис во регистарот на задруженија на граѓани донесено од надлежен суд.

Член 7

Извршниот борд до Собранието на Коалицијата се произнесува по поднесеното барање,

Мислењето во писмена форма заедно со останатиот материјал, се проследува до одговорните лица за свикување и организирање на седницата на Собранието, со барање за ставање ова прашање на дневен ред.

До претставникот на заитересираното здружение се доставува покана и истиот има право да присуствува на седницата на Собранието на која се одлучува за прием на здружението во членство на Коалицијата.

Член 8

Во членство на Коалицијата се смета за примено здружението доколку за тоа гласале мнозинството од присутните претставници од членовите на Коалицијата на седницата на Собранието.

Со донесувањето на одлуката за прием во членство, називот на новоприменото здружение се додава кон останатите називи на членовите на Коалицијата, во соодветниот член од Статутот.

Член 9

Извршниот борд може да упати покана до одредено здружение за пристапување во членство на Коалицијата, ако оцени дека тоа здружение ќе придонесе кон остварување на целите на Коалицијата и нејзината афирмација.

Ако поканетото здружение позитивно одговори, постапката за прием продолжува како е предвидено со одредбите на овој Правилник.

Иницијатива за упатување покана може да даде секој член на Коалицијата.

Член 10

Доколку одредено здружение ги пропушти роковите за прием предвидени во членот 6 на овој Правилник, Собранието на седница одлучува дали ќе расправа по прашањето за прием на тоа здружение, под услов да е поднесено писмено барање за прием со приложена документација како е предвидено во членот 6 ст.2 на Правилникот и да има присутен претставник на заинтересираното здружение.

## ИСКЛУЧУВАЊЕ ОД ЧЛЕНСТВО НА КОАЛИЦИЈАТА

### Член 11

Од Коалицијата ќе бидат исклучени оние членови кои дејствуваат спротивно одредбите на Стаутот, не ги почитуваат или извршуваат одлуките на органите на Коалицијата, немаат активен придонес кон остварувањето на целите и задачите на Коалицијата, не ги почитуваат основните принципи, го нарушуваат угледот на Коалицијата или нејзин член, ниту пак ги остваруваат правата и обврските предвидени во членот 16 од Статутот.

### Член 12

Предлог за исклучување од членство може да поднесе претседателот на Коалицијата или Извршниот борд.

Предлогот со образложени причини, се поднесува во писмена форма до Собранието на Коалицијата.

Ако предлогот потекнува од претседателот, за истиот се произнесува Извршниот борд.

Иницијатива за исклучување до овластените предлагачи може да поднесе секој член на Коалицијата.

### Член 13

Одлуката за исклучување се донесува со мнозинство гласови од присутните претставници од членовите на Коалицијата на седницата на Собранието.

Со донесувањето на одлуката за исклучување, називот на исклученото здружение се брише од соодветниот член од Статутот.

### Член 14

Секое здржуение-член може доброволно да истапи од Коалицијата и за таквата намера е должен на соодветен начин да ги информира органите на Коалицијата.

Истапувањето од членство Собранието го констатира на првата наредна седница.

## ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ЕЛЕКТРОНСКИ ПАТ

### Член 15

За прием и исклучување од членство на Коалицијата, на образложен предлог може да се одлучи и по електронски пат.

Член 16

Предлогот за прием и исклучување од членство се доставува по електронски пат до сите членови на Коалицијата на пријавената официјална адреса најдоцна во рок од три дена од денот кога се стекнале условите за тоа.

Предлогот од ставот 1 го поднесува претседателот на Коалицијата.

Кон предлогот по можност се доставуваат и останатите релевантни документи достапни во електронска верзија.

Член 17

Рокот за гласање по прашањето за прием и исклучување од членство не може да биде подолг од 7 дена, од денот на поднесениот предлог.

Член 18

Гласањето треба да биде јасно изразено од претставниците на односното здружение во Собранието на Коалицијата и истото по електронски пат доставено на посочената адреса на Коалицијата.

Доколку одделни членови на Коалицијата преку свои претставници воопшто не гласале, ќе се смета дека се воздржале од гласањето.

Член 19

Утврдувањето на резултатите од гласањето по електронски пат се врши наредниот ден по истекот на рокот за гласање.

Претседателот на Коалицијата во рок од три дена од утврдувањето на резултатите, ги информира сите членови на Коалицијата за одлуката за прием или исклучување од членство и мнозинството со кое е таа одлука донесена.

Член 20

Постапката од гласањето по електронски пат се чува најмногу една година од денот кога е донесена одлуката, односно до следната седница на Собранието, а во отпечатена форма се заведува во деловодникот на Коалицијата и се чува во архива..

Член 21

За се она што не е во спротивност со одредбите од оваа глава се применуваа останатите одредби од Правилникот.

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 22

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето.

Насловот "Одлучување по електронски пат" и одредбите од членовите 15 до 21, влегуваат во сила по донесувањето на соодветната одлука за изменување и дополнување на Статутот, чиј интегрален текст е утврден на седницата на Извршниот борд од 18.12.2004. година, Во спротивно горецитираниот назив и членови нема да бидат составен дел на Правилникот.

Коалиција "Сите за правично судење"-Скопје
Извршен борд
Претседател